Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Националниот превентивен механизам (НПМ) на 19.12.2011 година ја посети Јавната установа Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ во Скопје. Посетата започна во 09:20 часот и заврши во 13:30 часот (вкупно: 4 часа и 10 минути).

Целта на посетата, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување е идентификување ризици заради спречување тортура или друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Посетата на Заводот се спроведе во неколку чекори и во соработка со управата и вработените во Заводот, при што беше овозможен непречен увид во местата на сместување, како и целосна слобода во изборот на лица за разговор. НПМ тимот прво разговараше со стручни лица вработени во Заводот (педагог и наставник), потоа со неколку штитеници, па направи увид во: сместувачките капацитети, заедничките простории, тоалетите и тушевите, собата за лекарски прегледи, кујната, мензата, пералната и други простории.

Од спроведените разговори со неколку деца кои престојуваат во Заводот, НПМ констатира дека малолетниците воглавно се задоволни од постапувањето на вработените во Установата бидејќи ниту едно од децата со кои беше разговарано не се пожали на лошо постапување, физичко или друг вид насилство од страна на вработен во Установата.

НПМ тимот направи увид во просториите за сместување при што констатира дека собите во машкиот дел се недоволно опремени, со исполнети само минимум основни предуслови за сместување и недостастаток од други материјални предуслови (столче, работна масичка и сл.), како и технички помагала (телевизор, радио, компјутер и сл.). НПМ смета дека недостатокот од соодветни материјални и технички предуслови може да влијае на процесот на воспитување, превоспитување и правилен развој на децата. Особено загрижувачка е состојбата со тушевите во машките сместувачки капацитети.

Потребно е доопремување на наменските простории за слободни активности на децата, како и развивање програми за обуки, почнувајќи од најосновните обуки за животни вештини, обуки за мотивирање на децата, обуки за развивање технички вештини и ангажирање соодветен персонал.

Националниот превентивен механизам има забелешки во однос на начинот на спроведувањето на активностите во установата и смета дека неопходно е подобрување на организацијата на работата со што би се придонело кон зголемување на ефикасноста и целисходноста на процесот на воспитување, превоспитување и правилен развој на малолетниците згрижени во оваа установа.

Националниот превентивен механизам изготви посебен извештај за реализираната посета во кој се констатирани позитивните и негативните состојби и дадени се соодветни препораки до Министерството за труд и социјална политика и до Јавната установа Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ - Скопје.